# ПЕЧАТ И ДНЕВНИК НА СУДСКИОТ ПРЕВЕДУВАЧ

Согласно Судскиот деловник („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/13)

Член 45

Постојаниот судски преведувач има тркалезен печат во пречник од 33 мм, кој го содржи името Република Македонија, презиме и име на преведувачот, ознака – постојан судски преведувач, странски јазик за кој е поставен за преведувач, назив на судот во кој е поставен и неговото седиште.

Член 46

Постојаниот судски преведувач води дневник за извршените преводи. (Образец бр. 12)

**Дневник на извршени преводи и заверки**

| Ред. Бр. | Датум на извршениот превод | Име, презиме и адреса на лицето што ги поднело документите за превод | Што се преведува | Од кој на кој јазик се преведува | Број на страници | Наплатена награда |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| | | | | | | |
| 2 см | 4 см | 8 см | 4 см | 2,5 см | 2,5 см | 3 см |

Образец СД бр. 9 (член 46 став 1 од СД) – Дневник на извршени преводи и заверки
Формат: (297 x 210 мм)

Постојаниот судски преведувач е должен совесно одговорно и уредно да ја врши својата должност и секој извршен превод да го заверува со својот потпис и печат.

Член 47

Заверката на преведувачот, кој се става по извршениот превод носи број на дневникот под кој преводот е заведен, датум, потпис и печат на преведувачот.

Текстот на заверката гласи:

„Тврдам дека правилно го извршив преводот од ____________________ на _________________________ јазик.

М.П.
ПРЕВЕДУВАЧ,

Број
Датум ____________________
___________________________“

Текстот на заверката се пишува на македонски јазик и на јазикот на кој е извршен преводот, со тоа што на левата половина на листот е текстот на македонски јазик а на десната половина текстот на јазикот од кој е извршен преводот.

Член 48

Ако писменото што треба да се преведе содржи повеќе страници или листови, сите страници ќе се обележат со броеви, листовите ќе се сошијат и на крајот ќе се утврдат на соодветен начин.

Секој лист од преводот носи потпис и печат од преведувачот. Преводот е чист и непрецртуван, а имињата се пренесуваат дословно од изворникот. Клаузулата на заверката се става под извршениот превод.